

Георге Џика (1600 - 2 XI 1664) бил војвода од Молдавија (1658 – 1659) и од Влашко (1659 – 1660). Тој е основач на семејството Џика, со потекло од Македонија, кое ќе одигра значајна улога во историјата на Влашко и Молдавија, а подоцна и во Кралството Романија, во 17 и 19 век. Семејството Џика произведе многу војводи на Влашка и Молдавија и двајца премиери на Романија. Неколку гранки на семејството постојат и денес. Основачот на династијата Џика, Георге, бил испратен за амбасадор во Високата порта во Цариград, каде што се зближил со големиот везир Ќуприли Мехмед-паша. Со негова помош станал војвода и за време на неговото владеење, Џика го преселил главниот град на Влашко од Трговиште во Букурешт.

Георге Џика (Гика) е роден околу 1600 година во македонскиот град Велес во влашко семејство, за кое се мисли дека потекнува од Загора, во регионот на Јанина. (Во средината на XVI век во Велес, турски Ќупурли, живееле 214 христијански и 35 муслимански семејства).

Георги како млад му помагал на својот татко Матеј во трговијата. Подоцна семејството се преселило во Молдавија. Собирајќи солидно богатство, Џика бил прифатен во богатите кругови. Во времето на Василиј Лупу, војвода на Молдавија, чије семејство потекнувало од Епир, Грегорие Џика бил донесен на дворот, а подоцна бил испратен како амбасадор во Високата порта во Цариград, каде што се зближил со големиот везир Ќуприли Мехмед-паша.

Георги Стефан, наследникот на Лупу, го задржал како агент и за да го удостои за функцијата, му ја дал својата внука за жена на неговиот син. Меѓутоа, во март 1658 година, со помош на неговите влијателни пријатели во Отоманската империја, Џика бил назначен за војвода на Молдавија на местото на отстранетиот Георги Стефан.

Всушност, Георге Џика (војвода на Молдавија (1658–59), војвода на Влашка (1659-1660)), неговиот син Григоре (војвода на Влашка, 1660–64) и синот на Василе Лупу, молдавскиот господар Стефаница Лупу  (1659-1661) сите беа назначени од Ќуприли Мехмед-паша, кој сакал преку нив да ја зацврсти позицијата во тој регион.

Доаѓајќи на власт, Џика влегол во сојуз со трансилванскиот принц Ѓорѓе II Ракоци (George II Rákóczi),. Но, тоа не му помогнало да се справи со Константин Штербан Басараб, кој ја загубил власта во Влашко, преминал во Молдавија и успеал да ја преземе власта таму, протерувајќи го Џика. За да го отстрани својот ривал, Џика за возврат ги ангажирал Кримските Татари и ја вратил власта.

Во декември 1659 година, Турците, со помош на платеничките татарски трупи, го поразиле резбунтуваниот влашки принц Михња III, кој барал спас во Трансилванија. Високата порта му го доделила владеењето на Влашка на Георге Џика, но тој ја задржал власта само до 1 септември 1660 година, бидејќи не успеал да најде поддршка меѓу боларите.

Во истиот месец, Георге го абдицирал своето владеењето во корист на неговиот син Григоре I Џика, кој бил на чело на вазалското кнежество во следните четири години до 1664 година.

За време на неговото владеење, Георге Џика го преселил главниот град на Влашка од Тарговиште во Букурешт.

Од Георге Џика потекнуваат бројни гранки на семејството кои станале забележителни во историјата на Молдавија и Влашка, а подоцна и во Кралството Романија, во 17 и 19 век. Семејството Џика произведе многу војводи на Влашка и Молдавија и двајца премиери на Романија. Неколку гранки на семејството постојат и денес.

Георге Џика починал на 2 ноември 1664 година во Цариград.

Т.К